UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

9

# МАР 2021



## НАСЛОВИ

**Уводник:** За климатските промени и животната средина стр **1**

**COVID-19** одговор и други ОН активности стр **2**

**Индивидуални програми и стратегии на агенции на ОН** стр **3**

**Во фокус:** Податоци стр **4**

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### ФЕВРУАРИ

- **18** - УНОДЦ организираше онлајн состанок со претставници од Царинската управа за да се разговора за претстојната анализа на недостатоци и потреби, за да се зголеми капацитетот на Царината да открива оружје, деловиор оружје и муниција во поштенски и друг вид на брзи пратки.

### МАРТ

- **1-5** - УНОДЦ го организираше првиот дел од Основниот практичен тренгинг за припадници на Царината и Граничната полиција што ќе се вклучат во идната меѓу-агенциска група на аеродромот во Скопје, како дел од аткивностите на заедничката акција на УНОДЦ и ЕУ за зајакнување на контролата на границите.
- **3-4** - Во соработка со Национаната комисија за борба против трговија со луѓе и недозволена миграција, УНОДЦ организираше регионален стручен состанок за "Пристап до ефективна помош за жртвите од трговија со луѓе во Југоисточна Европа".
- **8** - UN Women организираше состанок со Министерството за одбрана за да разговара за идна соработка во врска со имплементацијата на вториот национален акциски план согласно UN Security Council Resolution 1325 и за унапредување на родовата еднаквост во делот на мир и безбедност.
- **16** - Почеток на пролетниот семестар на Клиниката за право за бегалци, програма за права на бегалци основана во септември 2018 од Правниот факултет во Скопје, како стратешко партнерство помеѓу Факултетот и УНХЦР.

www.facebook.com/1un.mk
www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН

Можеби се сеќавате на првите денови од кризата со КОВИД-19, и оние слики со јасно небо, простран градски пејзаж без смог и видени делфини покрај бреговите поради прекинот на многу активности на луѓето. Овие слики се жив потсетник за тоа што може човештвото неодложно да направи за намалување на еколошкиот отпечаток. Тоа е и доказ дека не е предоцна да го возобновиме природното богатство или да ја одржуваме животната средина во која живееме.

Во првите денови од пандемијата бевме сведоци дека градовите инвестираа во еколошки и одржливи решенија, како што се проширување на велосипедските патеки или пешачките зони, инспирирани од визијата да се намалат ризиците од идни катастрофи и шокови. Многу владини функционери и креатори на политики се обврзаа да обезбедат закрепнување што е по мерка на животната средина, како што апелираше Генералниот секретар на ОН.

Една година подоцна, дел од тие ветувања не беа целосно одржани. Неодамнешната студија на ОН и Универзитетот Оксфорд открива дека само 18 проценти од владините пакети поврзани со КОВИД-19-во 50-те најголеми економии во 2020 год. биле оценети како „зелени", а некои од пакетите за закрепнување дури и давале поддршка на индустриите за фосилни горива. Во Северна Македонија, владините пакети за поддршка не се оценети од аспект на јаглеродниот отпечаток и еколошките влијанија, и таквата проценка треба да се земе предвид. Слично на другите земји, се чини дека има простор да се стави поголем акцент на мерките и критериумите за пренасочување на активностите кон интервенции по мерка на климата како дел од закрепнувањето од КОВИД-19.

Среќна сум што можам да кажам дека одредени важни активности за животната средина се продолжени во Северна Македонија и покрај влијанијата од кризата со КОВИД-19. Во подготовка е новиот национален парк – Шар планина, благодарение на посветената работа на Министерството за животна средина и просторно планирање, Програмата на ОН за животна средина (УНЕП), Германската соработка, државните факултети и голем број граѓански организации и активисти, како што се платформата "„Пријатели на Шара", Македонското еколошко друштво, Меѓународната унија за конзервација на природата и ЕуроНатур. Тоа ќе резултира во подобрено и поодрживо управување со природните ресурси. Дополнително, активностите за зачувување на биодиверзитетот на Охридското езеро покажуваат напредок, како и во натамошното зајакнато управување со заштитените подрачја ширум земјата. На крајот на 2020 година, Северна Македонија се обврза на постигнување на амбициозната национална цел за намалување на емисиите на стакленички гас до 2030 год. и зголемување на национално определениот придонес.



Остануваат многу предизвици за да се постигне вистинско „зелено закрепнување", коешто треба да одговори на горливите еколошки предизвици на национално ниво, како што се намалување на емисиите коишто придонесуваат за загадување на воздухот, и проблемите поврзани со управувањето со цврстиот отпад и отпадните води. Кога се фокусираме на среднорочното и долгорочното закрепнување, тие можности треба да се искористат и „зеленото" да се вклучи во сите аспекти од нашето работење. Економскиот раст и еколошката одржливост треба да се гледаат како тесно поврзани. Воведените решенија треба да бидат комплементарни и заемно да се зајакнуваат, и да се применливи на сите нивоа – преку дејствување на заедниците и поединците. Додека расположливите финансиски ресурси се и понатаму ограничени, мудрото инвестирање во мерки коишто истовремено го забрзуваат економското и зеленото закрепнување треба да бидат еден од клучните критериуми при носењето одлуки.

**Росана Дуџак**
Постојан координатор на ОН во Северна Македонија

# COVID-19 ОДГОВОР И ДРУГИ ОН АКТИВНОСТИ

Агенциите на ОН продолжуваат да даваат поддршка за одговорот на КОВИД-19 во земјата со конкретни и детални анализи коишто се насочени на прашањата во нивните области на експертиза.

**Меѓународната организација на трудот (МОТ)** го поддржа вториот круг на анкета за претпријатијата „Зголемени предизвици и очекувања со коишто се соочени македонските претпријатија за време на пандемијата со КОВИД-19". Најголем број претпријатија (83%) продолжиле со работа во четвртиот квартал на 2020; повеќето од нив (86 %) забележале пад на приходите поради КОВИД-19 споредено со 2019, и значителен процент од нив (64 %) користеле сопствени резерви за да ги надополнат неконзистентните или недоволните готовински текови. Слично како и во април-мај 2020, само мал процент од претпријатијата (12 %) ги отпуштиле работниците и покрај масовните економски предизвици што ги донесе пандемијата. За да се постигне деловна резилиентност, над половина од претпријатијата (52%) понудиле нови производи и услуги или ги измениле постоечките, и примениле работа на далечина, опција која ретко се користела пред пандемијата (9%). Поголем процент од претпријатијата (61%) искажале релативно незадоволство со неадекватноста на анти-кризните мерки, а 47% сметаат дека владата одговорила на клучните барања на бизнисот преку четвртиот пакет на мерки за економска поддршка.

На 23 март, **Светската здравствена организација (СЗО)** организираше презентација на резултатите од заедничкиот проект на СЗО и Министерството за здравство- Поддршка за јавното здравје и итна грижа во текот на вториот бран на КОВИД-19 во Северна Македонија, финансиски поддржан од Обединетото Кралство. Со краткорочниот проект беа спроведени брзи интервенции засновани на докази за поддршка на неодамна пренаменетата работна сила за обезбедување безбедна и квалитетна грижа за КОВИД-19 преку подготовка и спроведување на забрзана специјална обука за здравствените работници за разните аспекти на контрола на инфекцијата и спречување на инфекцијата во здравствените установи, грижа за менталното здравје во време на КОВИД-19; и истражување на среднорочни основни решенија за обука за да се зголеми побарувачката за улогата, капацитетот и компетенциите на медицинските сестри, главно во примарната заштита и заедниците.

**Високиот комесар на ОН за бегалци (УНХЦР)** донираше ИТ опрема, лична заштитна опрема и постелнини за Општата болница во Гевгелија и локалниот Центар за социјални работи. Двете институции во континуитет нудат услуги за бегалците, барателите на азил и мигрантите на југот на земјата, вклучително и за време на пандемијата со КОВИД-19.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

**Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ)** го започна заедничкиот проект на Европската унија (ЕУ)-УНОДЦ за унапредување на владеењето на правото и доброто управување преку наменски мерки за гранични контроли на пристаништата и аеродромите. Проектот се спроведува преку соработка на УНОДЦ-СЦО Програма за контрола на контејнери (ПКК) и УНОДЦ-СЦО-ИНТЕРПОЛ Аеродромски комуникациски проект (АИРЦОП) со УНОДЦ Регионална програма за Југоисточна Европа. Во Северна Македонија, Владата, претставувана од Министерството за внатрешни работи, и УНОДЦ формално постигнаа согласност да се продолжи соработката во областа на засилени гранични контроли во рамки на иницијативата на ЕУ-УНОДЦ преку потпишување на заедничко Писмо за согласност.

Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) е вклучена во промовирањето на претстојниот Оперативен план за активни мерки и програми за вработување, фокусирајќи се на пилотирање на приоди за економија на грижа коишто се прилагодени на земјата, со истовремен опфат на три фронта: подобра социјална грижа за најранливите, нови работни места за жените, и ослободување од неплатената работа за грижа поради којашто честопати се одложува вработувањето на жените.

UN Women го поддржаа 12-то издание на Ноќи на женски права (НЖП), културна алтернатива за одбележување на Меѓународниот ден на жената, под покровителство на Град Скопје, и спроведено од страна на Институтот за човекови права и Award Film & Video од Скопје. Оваа година, НЖП12 беа домаќини на проекцијата на филмовите „Ден на жените" и „Форте" на онлајн платформата cinesquare.net, онлајн дебатата „Кризите не се родово неутрални: како женското лидерство влијае на родовата еднаквост во време на КОВИД-19?", и меѓународната изложба "Awakening 2", со уметнички дела на жени уметници. Во мај, филмовите ќе се прикажат во летното кино во Кинотеката во Скопје.

UN Women беа домаќини на втората средба на советодавниот одбор за проектот „Унапредување на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската меѓународна агенција за развој и соработка. Дискусијата се водеше за клучните достигнувања во имплементацијата на родово-одговорно буџетирање, вклучително и важниот развој во однос на националната политика и законската рамка за унапредување на родовата еднаквост.

UN Women обезбедија поддршка за оценка на напредокот во имплементацијата на Националната стратегија за родова еднаквост (2013-2020). Клучните забелешки, препораки и новите стратешки приоритети беа споделени за време на јавната расправа организирана од собраниската комисија за еднакви можности на жените и мажите на почетокот на месец март.

Индексот за управување со миграциите (МГИ) по прв пат ќе се примени во Северна Македонија во рамки на проектот „Планирање и дискурс за миграциска политика заснована на докази во Северна Македонија" којшто заеднички го спроведуваат **Меѓународната организација за миграции (ИОМ)**, **Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА)** и УНХЦР. МГИ дава увид во можностите на политиките коишто земјите можат да ги користат за да го развиваат управувањето со миграциите; и истиот е изработен за да им помогне на земјите да ја оценат сеопфатноста на миграциските политики и да ги идентификуваат празнините и областите коишто треба да се зајакнат.

СЗО организираше онлајн дискусија „Дијалог за постарите лица" на 22 март 2021, каде што се презентираа резултатите од проценката на СЗО за здравјето и здравствената грижа релевантна за стареењето во Северна Македонија, што се спроведе меѓу 09/2019 и 01/2020. Проценката ги потенцира расположливите информации за националната демографија за групата на постаро население, нивната ранливост и посебни здравствени состојби, како и потребата да се постигне универзално здравствено покритие и трансформација на здравствените служби, работејќи кон пофокусирана и интегрирана грижа каде личноста има централно место.

Во рамки на проектот на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) STAR5, **Програмата на Обединетите нации за животна средина (УНЕП)** организираше прв онлајн настан за да се одбележи почетокот на имплементацијата на активноста за избор на два пилот коридори од предложената Национална еколошка мрежа (МАК-НЕН) за развој и тестирање на специфични мерки за местата, вклучувајќи ги и локалните чинители за управување и зачувување на шумите со висока природна вредност и останатите живеалишта.

**Канцеларијата на ОН за проектни услуги (УНОПС)** продолжува да работи на оспособување на државните службеници за интеграциските процеси во ЕУ преку проектот –Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија. Во март беа организирани серија на обуки за Секретаријатот за европски прашања, Министерството за надворешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и други владини институции за различни аспекти од процесот на пристапување во ЕУ.

Со поддршка од УНХЦР, Центарот за право на бегалци и мигранти (Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје) и Центарот за правна клиничка едукација –Центар за право на бегалци и миграции спроведоа истражување Бегалците и миграциите во контекст на балканската рута. Тимот на проектот се фокусираше на јавниот, политичкиот и медиумскиот дискурс во Северна Македонија во контекст на бегалците, миграциите, ксенофобијата, исламофобијата и национализмот за време на кампањата за парламентарните избори во 2020. Со истражувањето беше опфатен периодот од октомври 2019 до 15 јули 2020.

На 17 март, **Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ)** и партнерите одбележаа една година од веб порталот Едуино за дигитална едукација, координација и професионален развој. Порталот Едуино е дел од Дијалогот за социјална кохезија и култура, Основи за идната програма, финансиски поддржан од Владата на ОК и спроведуван од УНИЦЕФ во партнерство со Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика, а со него раководи Бирото за развој на образование со поддршка од SmartUp – Лабораторија за социјални иновации.

Претседателот на Северна Македонија, Стево Пендаровски, и УНИЦЕФ објавија нова заедничка иницијатива „Да ја преобмислиме иднината" на 8 февруари, за да им се даде простор на децата и младите луѓе да се ангажираат во дефинирањето на визијата што ја посакуваат за својата иднина и идните генерации. Во следните три месеци, младите луѓе ќе имаат можност да се приклучат на консултациите и да дискутираат за прашањата коишто се важни за нив, за нивните најголеми предизвици и надежи за иднината на земјата, и притоа им се дава простор да предлагаат решенија како визијата да се преточи во реалност.

МОТ ја поддржа Организацијата на работодавачите на Македонија да развијат нова услуга и да ја спроведат првата сеопфатна анкета за платите во приватниот сектор конкурентнаПЛАТА , со цел на компаниите да им се обезбедат релевантни информации за трошоците за работната сила за 178 профили на работни места и позиции, за да можат да ги оптимизираат и надградат политиките за човечки ресурси, а со тоа да бидат поконкурентни.

Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) започна со ратификација на Конвенцијата на МОТ 190 за насилство и вознемирување на работното место, која едногласно беше прифатена од сите социјални партнери на 10-та седница на Економскиот и социјалниот совет, одржана на 18 март 2021. Со Конвенцијата се прифаќа дека насилството и вознемирувањето во работниот свет „може да претставуваат повреда или злоупотреба на човековите права, тие се закана за еднаквите можности, и се неприфатливи и несвојствени за достоинствената работа." „Насилството и вознемирувањето" се дефинираат како однесување, практики или закани „што имаат за цел, резултираат во или е веројатно да резултираат во физичка, психолошка, сексуална или економска штета." Оваа конвенција е применлива во секој сектор, без разлика дали приватен или јавен, и во формалната и неформалната економија, и во урбаните и руралните области.

# РСОР 2021-2025 Индивидуални програми и стратегии на ОН агенции

**Рамката за соработка за одржлив развој (РСОР) на ОН за Северна Македонија за 2021-2025 се спроведува преку инструментите на програмата за земјата на субјектите во развојниот систем на ОН коишто ја имаат потпишано РСОР, и коишто произлегуваат од РСОР. Поединечните програми и стратешки документи на УНХЦР и УНОДЦ се детално претставени подолу.**

UNHCR
The UN Refugee Agency

**УНХЦР Програмски документ**

Во согласност со глобалните организациски промени, УНХЦР Северна Македонија изработи повеќегодишна стратегија за земјата користејќи глобални карактеристики и методи за предвидување и други нови приоди за да се обезбедат иновативни решенија за предизвиците во рамки на мандатот. УНХЦР работи со разни чинители за да придонесе за одржливиот развој и инклузивното општество, каде што сите бегалци се заштитени и никој не е без државјанство.

За да ја оствари својата визија, УНХЦР се насочени на следните стратешки трансформации и приоритети:

1) Поддршка за предвидливи способности за управување. Работа со националните и локалните власти, агенциите на ОН и граѓанското општество (вклучително и академската заедница, медиумите и граѓаните) за градење предвидливи способности за промена кон долгорочни, агилни јавни политики, подобрена резилиентност и поставување приоритети како начин да се унапреди агендата за заштита во земјата. Ќе се користи партиципативен дизајн за да се поддржи Северна Македонија во создавањето услови за надминување на преостанатите прашања и нивните коренити причини.

2) Трансформација на јавниот наратив за бегалците преку поттикнување промена и градење позитивни ставови и однесување во заедниците и општеството. Проширување на платформата за борба против погрешното информирање и наративот за поделба. За да се подобри постоечкиот наратив за бегалците и имиграциите, и да се поттикне трајна општествена промена, ќе се дизајнира нов пристап во комуникациите. Подобреното разбирање на бегалските проблеми ќе доведе до зголемен простор за заштита, ќе се стимулира поповолно опкружување за интеграција и подобрата заштита на луѓето кои имаат потреба од тоа.

3) Зајакнато застапување преку стратешко ангажирање со поголем број избрани чинители за да се мобилизира поддршка, вклучувајќи ги и луѓето за кои постои загриженост и граѓанското општество како чинител за промени.

4) Поддршка за сензитивен систем за влез со заштита. Сензитивизирање и оспособување на националните соработници за целосно придржување до нивните обврски за да се обезбеди ефективен пристап до територијата на лицата на кои им е потребна меѓународна заштита. УНХЦР го поддржува воспоставувањето на системска регистрација, сензитивно профилирање со заштита, и адекватно упатување на сите лица кои пристигнуваат преку мешовитите движења, за да се обезбеди дека ниеден нема да заостане.

5) Подобрување на квалитетот на азил. Поддршка за воспоставување на систем за азил којшто е целосно усогласен со меѓународните стандарди, обезбедувајќи системски непречен пристап до азил, правична и ефикасна обработка на барањата за азил, вклучително и издржан судски преглед, и бесплатна одржлива и квалитетна правна помош, како и адекватни стандарди за прифат.

6) Поддршка за подготвеноста за заштита при хуманитарен одговор. Поддршка за националните власти и сите партнери за хуманитарен одговор и заштита за да се обезбеди подготвеност за соодветен хуманитарен одговор и заштита во случај на прилив на бегалци/мигранти, вклучително и: редовна анализа на ризик и мониторинг, како и развој на план за непредвидени ситуации, усогласен со степенот на ризик од прилив.

7) Поттикнување решенија. Следејќи ја целта за подобрување на системот за азил, влијание за измени на законите и политиките за да се создадат општи оптимални услови за локална интеграција на бегалците и инклузија на барателите на азил, со тоа што тие ќе имаат целосен пристап до правата согласно меѓународните стандарди и националните закони. Долготрајното раселување на бегалците од Косово треба да заврши на достоинствен и одржлив начин. Како придонес за целите на Глобалниот договор за бегалците, ќе се пилотираат комплементарни начини, и на почеток тоа ќе биде во областа на образованието.

8) Ставање крај на лица без државјанството во Северна Македонија до 2024, во рамките што се поставени со #IBelong Campaign и поддршка за Северна Македонија за остварување на оваа амбиција.

UNODC
United Nations Office on Drugs and Crime

**Стратегија на УНОДЦ за 2021-2025**

На 18 февруари 2021, извршниот директор на УНОДЦ формално го означи почетокот на новата Стратегија на УНОДЦ за 2021-2025 којашто ја дефинира визијата на УНОДЦ и ќе ја предводи работата во Југоисточна Европа и глобално.

Со стратегијата се унапредува централната мисија на УНОДЦ - да придонесе кон глобалниот мир и безбедност, човековите права и развој, правејќи го светот побезбеден од дрога, криминал, корупција и тероризам – и прилагодување на поддршката од УНОДЦ за време на пандемијата и понатаму, притоа потенцирајќи ја обврзаноста на организацијата за човековите права, родовата еднаквост и јакнењето на жените, како и заштитата на децата и искористување на трансформативната моќ на младите.

Фокусот е ставен на пет тематски области, каде што се интегрира работата на политиките и програмите: (1) справување и борба против светскиот проблем со дрогата, (2) спречување и борба против организираниот криминал, (3) спречување и борба против корупцијата и економскиот криминал, (4) спечување и борба против тероризмот, и (5) превенција на криминалот и кривична правда.

За да се надминат предизвиците кои се влошија со пандемијата со КОВИД-19, УНОДЦ се потпира на големото теренско присуство коешто овозможува регионални и национални сознанија, и висококвалитетни истражувања и анализи.

УНОДЦ ќе ги користи своите силни страни за да ги обедини земјите за трансфер на знаења, вештини и информации за да се одговори на општите предизвици и да се најдат ефективни решенија на оперативно, законско и политичко ниво. Зајакнатата координација и интеграција низ УНОДЦ ќе овозможи взаемно јакнење на нормативната, истражувачката работа и техничката помош и овозможување тие да се потпрат едни на други – работејќи на брзо идентификување на новите трендови и закани за подготовка на одговор којшто е неопходен за нивно надминување, и таквото знаење да се споделува и примени во пракса во поддршка на земјите членки.

Клучно за успешната имплементација е да се прошират партнерствата со поголем број на чинители. Исто така, клучна ќе биде и ефективната комуникација, и внатрешно за да се подобри надополнувањето низ тематските области, како и надворешно за да се покажат влијанијата од работата. УНОДЦ ќе ги ревидира и прилагоди своите внатрешни структури, системи и процеси за да може целосно да се искористи потенцијалот на кадарот за да се задоволат брзо развојните потреби на земјите членки; и да се применат иновации, да се искористат нови технологии и да се создаде организациска култура која се заснова на доверба, почит и отчетност.

Регионалната програма за Југоисточна Европа (РП ЈИЕ), којашто ја дава рамката за активностите на УНОДЦ во регионот, вклучително и за Северна Македонија, ги поддржува јурисдикциите од регионот во нивните заложби против предизвиците што ги носат организираниот криминал и корупцијата. Во 2020, УНОДЦ го зајакна своето присуство и соработка со Северна Македонија во рамки на три главни проекти во земјата и регионот за да се одговори на следното:

1) Заеднички ЕУ-УНОДЦ проект за унапредување на владеењето на правото и доброто управување преку наменски мерки за гранични контроли на пристаништата и аеродромите;

2) Развој на регионален патоказ за антикорупција и незаконито финансирање за да се подобри имплементацијата на постоечките мерки за анти-корупција и незаконито финансирање; и

3) Регионален проект за одговор на кривичната правда на трговијата со оружје, со цел да се поддржат шесте јурисдикции од Западен Балкан, вклучително и Северна Македонија за зајакнување на одговорот на кривичната правда за огнено оружје поврзано со криминалитетот, особено незаконитата трговија со оружје.

Преку овие главни активности, УНОДЦ РП ЈИЕ има за цел да се поддржат националните власти во соочувањето со глобалните предизвици согласно со приоритетите наведени во стратегијата за УНОДЦ, придружено со алатки за постигнување резултати, како и зајакната комуникација, соработка и заемна интеракција.

# ВО ФОКУС Податоци

**Податоците се најголема предност за 21-от век. Дали ги користиме со нивниот целосен потенцијал?**

## Кој сака да зборува за податоци?

Не гледаме многу кренати раце. Не е за изненадување. Податоците се една од најнепопуларните теми од минатото. Создавањето вредност од податоците честопати беше изолирана грижа на професионалците за информатичка технологија и оперативно работење или геопросторните експерти или експерти за статистика. Тоа беше запакувано во бројни извештаи, ставени на некоја полица или складирани во нечиј компјутер.

## Дали се промени тоа?

Да, а пандемијата со КОВИД-19 и понатаму ја истакна важноста на податоците и бројките: број на болнички кревети, капацитети за тестирање, потребни маски, број на инфицирани и смртни случаи итн. Важноста на навремените, квалитетните, отворените и расчленетите податоци и статистика повторно се истакна во кризата со КОВИД-19. Кои се луѓето во најголем ризик да западнат во сиромаштија? Колку изгубени работни места? Кој и колкумина имаат потреба од итна поддршка, каде се тие? Тие податоци се клучни за разбирање, управување и ублажување на човечките, социјалните и економските ефекти од пандемијата. Дали се лесно достапни? Не. Тие податоци се исто така од суштинско значење за подготовка на среднорочен и долгорочен одговор и забрзано дејствување за да се врати земјата на патот кон одржливиот развој, а со тоа, и кон одржливо достигнување на ЦОР и напредок во реформите за пристапување во ЕУ.

## Важноста на постојано генерирање прецизни и квалитетни податоци во реално време

Податоците со добар квалитет ги информираат лидерите, ги ангажираат државните службеници и ги вклучуваат граѓаните во креирањето политики засновани на докази преку податоци во реално време коишто овозможуваат агилно стратешко планирање. Одговорното „дејствување со податоци" помага во справувањето со приоритетите на побрз и подобар начин.

Пописот на населението и домаќинствата е најважен извор на податоци што овозможува добро да се разберат потребите на населението во земјата – од општи трендови, па сè до добри и меѓусебно поврзани варијации помеѓу оние кои живеат во урбаните и руралните заедници, помладите и старите, мажите и жените, образованието, приходите, различните способности и интереси. Податоците за населението во Северна Македонија се застарени и нецелосни до степен до кој може да ги наведат политиките во погрешна насока, а коишто се наменети за оние на кои им се најмногу потребни, и притоа создаваат наместо да ја елиминираат дискриминацијата. Непрецизните податоци исто така водат кон неефикасно планирање и трошење на оскудните јавни средства. На пример: во земјата не постои прецизен број на лица со попреченост. Тоа оневозможува државата, и на локално и на национално ниво, да подготви соодветни политики и услуги, а соодветното планирање на давањето услуги станува предизвик. Еден таков конкретен пример е отсуството на доволен број обучени и сертифицирани лични асистенти.

Оттаму, постои консензус дека спроведувањето попис, како строго професионална статистичка операција врз основа на Основните начела на официјалната статистика и меѓународните статистички стандарди и практики, претставува приоритет за Северна Македонија. Попис што се спроведува според комбинирана методологија на теренски посети и употреба на административни регистри, собрани во компјутерска база на податоци, претставува огромен чекор нанапред во користењето технологија за побрзо и поевтино




*Стратегија за податоци на Генералниот секретар за дејствување од секого и насекаде со увид, влијание и интегритет*

собирање, чистење и анализи на податоци, а коишто ќе овозможат многу побрзо остварување на долго очекуваните резултати.

Технологијата е клучна за управување со податоците во 21 век во поддршка на нивното собирање и складирање, и – на начин кој не можеше ни да се замисли пред повеќе децении – за генерирање „големи податоци" во реално време коишто ги добиваме преку користење на мобилни телефони, социјални мрежи, сателитски/дрон снимки, дури и од емоциите на луѓето што се снимени од сензорите поставени околу нас. Анализите станаа можни, достапни, лесни и побрзи и поттикот за визуелизација направи податоците да бидат поразбирливи и поблиски – и за експертите и за пошироката јавност.

## Подеднаква важност на градењето капацитети за аналитика и мониторинг

Преостанува да се искористи технологијата со нејзиниот целосен потенцијал, како што е потребата за градење национални колективни способности за управување со податоци и создавање на култура за примена на предвидливи методологии за стратешко планирање засновано на докази. Отсуството на хоризонтално управување создава изолирани податочни системи, ја попречува соработката и го нарушува квалитетот и употребата на податоците. Управувањето со податоците и нивното користење и споделување ќе биде клучно за успехот во претстојните години, но, сепак со податоците не се постапува како со споделено стратешко средство коешто создава оптимална вредност. Меѓутоа, нема да се случи преку ноќ да се стигне до фаза кога податочните способности ќе бидат вистински трансформативна. Посветеноста да се обезбеди дека податоците се главен двигател во земјата, односно, тие да имаат главно место во сите стратегии, да бидат двигател за иновации, и интегрирани низ екосистемите и да даваат оптимална вредност за луѓето е само прв чекор на ова патување.

## ОН се целосно посветени на поддршката за градење капацитети за податоци

Како што се има обврзано со Рамката на ОН за соработка за одржлив развој за 2021-2025, ОН во Северна Македонија ќе ги поддржува властите во генерирањето на основни, веродостојни и расчленети податоци на редовна основа за да се унапреди носењето одлуки, стратешките визии и мониторингот и известувањето за ЦОР врз основа на докази. Пописот ќе биде поддржан како клучна одредница за обезбедување сигурни податоци, како и процесот на развој на нови национални документи за стратешко планирање.

Конечно, тоа ќе го унапреди предвидливото управување со цел да се зајакнат капацитетите на институциите за стратешко планирање.

## Стратегија за податоци на Генералниот секретар за дејствување од секого и насекаде со увид, влијание и интегритет

Податоците се навлезени во сите аспекти од работата на ОН. Опфатот, експертизата и поврзаноста на ОН создаваат уникатна можност за унапредување на глобалното „дејствување за податоците" со увид, влијание и интегритет. За да се помогне целосно да се оспособи тој потенцијал, 50 агенции на ОН заеднички ја подготвија првата заедничка Стратегија за податоци на ОН како сеопфатна збирка на правила за промени поттикнати од податоци со цел градење на податочните, дигиталните, технолошките и иновативните способности коишто ОН треба да ги постигне во 21 век.

## Подготовка на Стратегија на ОН за податоци во земјата што ќе ја предводи поддршката за земјата

ОН во Северна Македонија ќе подготви своја локална стратегија за податоци во земјата со којашто ќе се операционализираат глобалните заложби на ОН и ќе се надградат локалните капацитети за податоци. Тоа ќе биде детален акциски план за да се испорачаат резултати во однос на обврските од РСОР во поддршка на националните заложби за подобра искористеност на потенцијалот на податоците со цел земјата да се приближи до достигнувањето на Агендата 2030 и забрзаната имплементација на ЦОР.

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rc-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator's Office in North Macedonia | 12 April 2021

**www.un.mk**